**20121443480**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/2010 и 135/2011) и член 18 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.180/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.11.2012 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2012 ГОДИНА

1. Во Програмата за финансирање на програмски активности на здруженијата и фондациите за 2012 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.14/2012), во точка 1 бројот „15 000 000,00“ се заменува со бројот „12.000.000,00“.

2. Во точка 2, во приоритетната цел I, во колоната „Вкупен износ во денари“, бројот „10.312.500,00“ се заменува со бројот „8.400.000,00“ и во колоната „Број на грантови“ бројот „33“ се заменува со бројот „28“. Во приоритетните цели II, III и IV во колоната „Вкупен износ во денари“, бројот „1.562.500,00“ се заменува со бројот „1.200.000,00“ и во колоната „Број на грантови“ бројот „5“ се заменува со бројот „4“. Во приоритетните цели I, II, III и IV во колоната „Износ на средства по грант“ бројот „312.500,00“ се заменува со бројот „300.000,00“.

3. Во точка 5 зборовите „31.01.2013 година“ се заменуваат со зборовите „30.06.2013 година“.

4. Во точка 6 зборовите „28.02.2013 година“ се заменуваат со зборовите „31.07.2013 година“.

5. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-8610/1
11 ноември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.